КАЈАКАРСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА
Macedonia Canoe Federation

# П Р А В И Л Н И К
# НА РЕПРЕЗЕНТАЦИЈАТА НА МАКЕДОНИЈА
# ВО КАЈАК-КАНУ

Скопје , Ноември  2009 година

Врз основа на член 23 од Статутот на Кајакарската Федерација на Македонија, Собранието на КФМ на седницата одржана на16.11.2009 година донесе,

# П Р А В И Л Н И К
# НА РЕПРЕЗЕНТАЦИЈАТА НА МАКЕДОНИЈА ВО КАЈАК-КАНУ

## ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој Правилник се утврдува делокругот,правата и должностите на државната репрезентација, репрезентативците, селекторот, тренерите, органите и телата на Кајакарската Федерација на Македонија,клубовите и спортските работници во однос на подготовките, работата и резултатите на државната репрезентација.

Член 2

Република Македонија на меѓународните натпревари ја преставуваат репрезентациите на Македонија составени од кајакари регистрирани во Кајакарската Федерација на Македонија(во натамошниот текст: КФМ).

Член 3

Настапот во сите функции на репрезентацијата на Македонија во кајак-кану (спуст,слалом и спринт) претставува најголема чест и обврска и не се наплатува,освен кога за тоа ќе одлучи Извршниот одбор.

Член 4

КФМ и кајак-кану клубовите,должни се да создаваат оптимални услови во рамките на своите можности за подготовки и учество на репрезентативците на Македонија во кајак и кану на меѓународните натпреари.

Член 5

Членовите на државните репрезентации во кајак и кану,должни се преку лично и максимално залагање на сите места и во секоја пригода со своето спортско,етичко и хумано однесување, достоинствено да ги застапуваат интересите и угледот на Република Македонија.

Член 6

Сите официјални настапи на поедините репрезентации на Македонија во кајак-кану се утврдуваат со Годишната програма на меѓународната спортска активност на КФМ.

Член 7

Со соодветната репрезентација на Македонија во кајак-кану, непосредно раководи тренерот на државната репрезентација како избрано стручно лице,кој за својата работа и резултатите на државната репрезентација одговара пред Селекторот и Извршниот одбор.

## ДРЖАВНА РЕПРЕЗЕНТАЦИЈА ВО КАЈАК-КАНУ

Член 8

Репрезентациите на Македонија во кајак-кану се организираат како:

М а ж и:

-Сениорска државна репрезентација во кајак;
-Младинскаи до 23г. државна репрезентација во кајак;
-Кадетско-Пионерска репрезентација во кајак;
-Сениорска државна репрезентација во кану;
-Младинска и до 23г. државна репрезентација во кану;
-Кадетско-Пионерска државна репрезентација во кану;

Ж е н и:

-Сенирска државна репрезентација во кајак;
-Младинска и до 23г. државна репрезентација во кајак;
-Кадетско-Пионерска државна репрезентација во кајак
-Сениорска државна репрезентација во кану;
-Младинска и до 23г. државна репрезентација во кану;
-Кадетско-Пионерска државна репрезентација во кану.

Член 9

На предлог на Стручниот совет,Извршниот одбор на КФМ секоја година до 31 Декември усвојува Календар на натпревари за наредната година,во кој е прецизирано местото и времето на настапот на сите репрезентации на Македонија во кајак-кану во текот на целата година и времето на одржување на домашните натпревари.

Член 10

Изборот на репрезентативците за соодветната репрезентација се темели на следните критериуми:

1.1.постигнати резултати на изборните натпревари;
1.2.временски норми предложени од Стручниот совет и усвоени од Извршниот одбор;
Дополнителни критериуми:
2.1.постигнати резултати во состав на државната репрезентација на официалните меѓународни натпревари и други меѓународни натпревари;
2.2.степенот на психо-физичката и техничко-тактичката подготовка искажана на изборните натпревари и на соодветни тестирања;
2.3.стабилност на постигнатите спортски резултати;
2.4.стручна проценка на тренерите и Стручниот совет.

Член 11

За репрезентацијата на Македонија не може да настапат кајакари кои се под казна или суспензија,изречена од дисциплинските органи на КФМ и клуб.

## *РЕПРЕЗЕНТАТИВЦИ*

Член 12

По усвојувањето на поширокиот и потесниот список на државните репрезентативци,избраните кандидати во сите државни селекции,должни се од

денот кога ќе биде објавена листата на кандидати,да ги извршуваат сите поставени задачи од страна на тренерот на државната репрезентација.

Евентуалното изостанување треба навреме да биде најавено,а оправданоста ја оценува тренерот на соодветната државна репрезентација.

Член 13

Кандидатите за државната репрезентација мора пред почетокот на секоја календарска година да бидат на време известени односно запознати со планот и програмата на тренингот како и за нивните обврски за целата година.

Исто така,во текот на годината треба на време да бидат известени за секоја промена која ќе настане од оправдани причини за да можат да го ускладат својот приватен живот и клупските обврски со новонастанатата ситуација.

Член 14

Државните репрезентативци должни се времето поминато на заедничките подготовки на репрезентацијата да го искористат во целост за успешно подтотвување и репрезентирање на македонскиот кајак на меѓународните натпревари.

*СЕЛЕКТОР*

Член 15

Селекторот по функција е претседател на Стручниот совет,кој преку Стручниот совет ги координира сите спортски активности на КФМ и се грижи да преку рационалност,ефикасност и економичност во работата, успешно се реализираат Плановите и Програмите на државните репрезентации.

Член 16

Селекторот го избира Извршниот одбор на КФМ и во принцип треба да биде еден од најдобрите стручњаци и познавачи на кајакарскиот спорт во Македонија. Изборот на Селектор се врши врз основа на следните критериуми:

-Да има завршено најмалку 6-1 степен образование;

-Да има докажана успешна работа во КФМ или кајакарски клуб;

-Да познава еден од светските јазици;

-Програмската ориентација да биде позитивно оценета од Извршниот одбор.

*ТРЕНЕРИ НА ДРЖАВНАТА РЕПРЕЗЕНТАЦИЈА*

Член 17

Тренерите на државната репрезентација ги избира Извршниот одбор на КФМ на предлог на Стручниот совет и во принцип треба да бидат едни од најдобрите стручњаци во кајакарскиот спорт во Македонија.

Изборот на тренери се врши врз основа на следните критериуми:

- Кандидатите за тренер треба да биле врвни спортисти во кајак-кану со висок степен на образование односно Факултет за Физичка култура;
- Да имаат докажана успешна работа како тренер со одредена државна репрезентација или кајакарски клуб;
- Програмската ориентација да биде позитивно оценета од Стручниот совет;
- Број на стандардни државни репрезентативци во тековната година.

Член 18

Тренерот на државната репрезентација се избира со мандат од четири години,по правило за олимписки циклус, а може и за пократок временски период.

Тренер на државната репрезентација се избира и тоа за:

1.Државна репрезентација во кајак за сениори (професионално,со надомест или аматерски);
2.Државна репрезентација во кајак за јуниори (со надомест или аматерски);
3.Државна репрезентација во кану за сениори (со надомест или аматерски);
4.Државна репрезентација во кану за јуниори (со надомест или аматерски);
5.Државна репрезентација во кајак за сениорки (со надомест или аматерски);
6.Државна репрезентација во кајак за јуниорки (со надомест или аматерски).

Член 19

Тренерот може да биде разрешен и пред истекот на мандатот во колку за тоа одлучи Извршниот одбор,а врз основа на оправдани причини оценети од Стручниот совет и Извршниот одбор.

Тренерот може да биде разрешен и во колку понуди оставка.

Член 20

Врз основа на усвоената Развојна програма на КФМ,Годишната програма и календарот на натпревари,тренерот на соодветната државна репрезентација:
-Изготвува предлог на Општ годишен план и програм за тренинг на државната репрезентација;
-Изготвува предлог на детален Едногодишен план и програм за тренинг (најкасно до 31.декември во претходната година);
-За секои заеднички подготовки изготвува детален План и програм;
-Врши избор на кајакари-кануисти за одредени подготовки и натпревари,по утврдените критериуми;
-Непосредно раководи со државната репрезентација на натпреварите и подготовките
Ја следи стручната работа во клубовите на кандидатите за состав на државната репрезентација;
-Соработува и ги вклучува во реализацијата на програмата на државната репрезентација,клупските тренери;
-Предлага државни репрезентативци кои со својата работа и резултати заслужиле да бидат наградени;
-Донесува одлуки за одстранување од подготовките и натпреварите во склад со Дисциплинскиот правилник и поднесува пријава до Стручниот совет;
-Ја следи работата и резултатите на другите национални селекции;
-Изготвува четворогодишна и годишна стручна анализа од домашните и меѓународните натпревари,односно постигање на македонскиот кајак;
-Стално работи на сопственото стручно усовршување и усовршувањето на сстручниот кадар во Република Македонија;
-Предлага место и време на одржување на заедничките подготовки во рамките на планираните финансиски средства на Федерацијата;
-Ги запознава на време помошните тренери на државната репрезентација, клупските тренери и државните репрезентативци со предложениот општ и детален Годишен план и програм за тренинг.

Член 21

Предложените Планови и Програми на тренерите ги усвојува Извршниот одбор на КФМ

*ПОМОШНИ-ТРЕНЕРИ НА ДРЖАВНАТА РЕПРЕЗЕНТАЦИЈА*

Член 22

Помошните-тренери на државната репрезентација се избират за одредена програмска активност или на една година.

Член 23

Помошните-тренери на државната репрезентација ги избира Стручниот совет на КФМ,на предлог на тренерот.

Член 24

Помошниот-тренер на државната репрезентација непосредно одговара пред тренерот на државната репрезентација.

Член 25

Помошниот-тренер на државната репрезентација ги извршува задачите кои му ги одредува Тренерот на државната репрезентација,а кои произлегуваат од усвоените планови и програми за трнинг и тоа:
-Директно учествува во реализацијата на тренажниот процес на подготовките;
-Поднесува извештај до Тренерот на државната репрезентација и Стручниот совет од самостално реализирана програма(подготовки и натпревари)

-Извршува и други работи од делокругот на стручната работа кои ќе му ги постави за задача Тренерот на државната репрезентација.

Член 26

Помошните-тренери може да бидат разрешени и пред истекот на мандатот во колку за тоа одлучи Стручниот совет,а врз основа на оправдани причини оценети од тренерот и Стручниот совет.

ЗДРАСТВЕНА ЗАШТИТА НА ДРЖАВНИТЕ РЕПРЕЗЕНТАТИВЦИ

Член 27

Здраствената заштита на државните репрезентативци на подготовките и натпреварите ја обезбедува лекарот на државната репрезентација,избран од Извршниот одбор на предлог на Стручниот совет.

Член 28

Сите членови на државната репрезентација се осигуруваат кај одредена осигурителна куќа преку КФМ,а врз основа на утврдениот список на државни репрезентативци.

*ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА НА ДРЖАВНАТА РЕПРЕЗЕНТАЦИЈА*

Член 29

Средства за реализација на Програмата на сите државни репрезентации, обезбедува Извршниот одбор на КФМ преку обезбедени средства од:

-Агенцијата за млади и спорт;
-Спонзорство;
-Кајакарски клубови.

## НАДОМЕСТОЦИ,НАГРАДИ,ПРИЗНАНИЈА И ДИСЦИПЛИНСКА ОДГОВОРНОСТ

Член 30

Надосмест за извршена стручна работа,награди и признанија за постигнати успеси може да се исплатат односно доделат во колку е тоа предвидено со Правилник или со одлука на Извршниот одбор.

Член 31

Дисциплинска одговорност на членовите на државната репрезентација, тренерите, другите стручни и спортски функционери,членови на КФМ се спроведува на основа одредбите на Дисциплинскиот правилник на КФМ.

## *ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ*

Член 32

Толкување на одредбите на овој Правилник дава Извршниот одбор на КФМ.

Член 33

Измени и дополнувања на овој Правилник се вршат по иста постапка како и за неговото донесување.

Член 34

Овој Правилник стапува на сила од денот на неговото донесување.

КАЈАКАРСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА

**Претседател,**
**М-р Лазар Поповски**